ОПШТИНА ОХРИД, 2020



# „ЕДНА ГОДИНА ЗАЕДНО“

ГРАДОНАЧАЛНИК КОНСТАНТИН ГЕОРГИЕСКИ

# „ЕДНА ГОДИНА ЗАЕДНО“

ГРАДОНАЧАЛНИК КОНСТАНТИН ГЕОРГИЕСКИ





Почитувани граѓани, драги охриѓани,

Пред една година, со Вашата огромна поддршка ми ја дадовте Вашата доверба и ме обврзавте да бидам посветен и мотивиран во остварување на заедничкиот стремеж за посветла иднина на нашиот Охрид.

Водени од визијата за обезбедување на подобри услови за развој, кои ќе донесат перспективна иднина за сегашните и за идните генерации, работевме одговорно, чесно и домаќински за да овозможиме посовремено туристичко и урбано живеење во Охрид, водејќи сметка за зачувување на природните, културните и духовните богатства.

Иако тековно и постојано се грижевме за редовно и точно информирање на јавноста, за сите наши активности и проекти, во духот на транспарентноста, преку ова издание даваме еден сублимиран приказ на сето она што го реализиравме во рамките на првата година од мојот мандат.

Убеден сум дека можеме да постигнеме уште повеќе успеси. Преку силно заедништвото и соработката и во иднина ќе продолжиме да одиме напред и да работиме заедно за подобар Охрид, град каде што својата иднина ќе ја гледаат нашите деца и сите идни генерации!

Ви Благодарам!



**Константин Георгиески**
Градоначалник

# РАЗДОЛЖУВАЊЕ И ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ

Враќањето на Финансиската стабилност на општината, беше еден од најважните приоритети на оваа локалната власт. Благодарение на разбирањето и помошта од Владата на Република Северна Македонија, преку напорен и исклучително одговорен ангажман, по речиси две децении Општина Охрид конечно ќе има одблокирана сметка, а тоа ќе значи поголема функционалност, многу повеќе средства за капитални инвестиции и развојни проекти како и поедноставен пристап до европските фондови.

Во 2017 година, долгот на Општина Охрид изнесуваше 1. 573. 036. 905 денари. Како резултат на склучени спогодби и регулирање на односите со доверителите од сопствени средства во 2018 година долгот е намален за 100. 914. 576 денари и изнесуваше 1. 472. 122. 324 денари.

По донесување на Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа (ЕЛС) и Законот за изменување и дополнување на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Советот на Општина Охрид го усвои извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на Општина Охрид, по што официјално беше започнат процесот на раздолжување.

Согласно законот беше распишан Јавен повик за пријавување на доспеаните а неплатени обврски кон доверителите заклучно со 30. 09. 2018 година.



РАЗДОЛЖУВАЊЕ И ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ

На повикот, со цел спогодбено утврдување на долгот, беа пријавени повеќе од 100 доверители.

Благодарение на големата упорност и максималната посветеност на градоначалникот Константин Георгиески, целиот процес на раздолжување течеше без никакви проблеми и Општина Охрид го намали вкупниот долг за 948. 023. 989 денари или за 15. 400. 000 евра од кои 495. 679. 436 денари беа средства согласно Законот за финансиска поддршка, а 260. 000. 000 денари по основ отпис на камати и 192. 344. 553 денари средства кои беа обезбедени по основ на склучување спогодби со доверителите. Како резултат на целокупниот процес, долгот на Општина Охрид во 2019 година беше сведен на ниво од околу 530. 000. 000 денари вкупен долг, со што општината ја стабилизира својата финансика состојба и обезбеди подобар кредитен рејтинг.

Во моментов Општина Охрид е финансиски солвентна да добие позитивно мислење од Министерството за финансии за да може на јавен повик да се задолжи кај домашни или странски финансиски субјекти и конечно да финишира процесот на раздолжување.






# СОВРЕМЕНА ИНФРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Оваа локална власт ги препознава најважните потреби на граѓаните и особено е посветена на вложувања во приоритетната инфраструктурата.

Беа реализирани голем број квалитетни проекти со кои Охрид добива сообраќајна мрежа според сите современи стандарди. Беа реконструирани и асфалтирани значајни градски сообраќајници и значително беа подобрени условите за безбеден и динамичен сообраќај, што е од особена важност и за жителите но и за туристите кои го посетуваат градот.

Покрај значајните инвестиции во сообраќајната инфраструктура и асфалтирање на улици, беа реализирани и голем број проекти за партерно уредување, изградба на потпорни ѕидови, нови канализациски мрежи и современи водоводни линии.

Исто така, беа реализирани и значителни инвестиции за набавка и купување на соодветна опрема која е потребна за поефикасно спроведување на комуналните дејности. Оваа локална власт континуирано е посветена и на одржувањето на финансиската стабилност на општинските Јавни претпријатија. Со правилно менаџирање и домаќинско работење, истите остваруваат исклучително позитивни резултати во работењето.











## РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА „ЕГЕЈСКА“

Улицата беше комплетно реконструирана од крстосницата со улицата „7 Ноември“ до крстосницата со улицата „Железничка“ со вкупна должина од 574 метри. Вредноста на проектот е 11. 463. 402 денари.

- Нов асфалт на коловозот со површина од 3555 м2
- Поплочени тротоари со бехатон плочи со вкупна површина од 2565 м$^2$
- Поставена нова атмосферска канализација
- Нивелирани 17 шахти
- Хоризонтална и вертикална сигнализација









## РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА „АСНОМ“

Улицата беше комплетно реконструирана од кружниот тек на булеварот „Туристичка“ до пресекот со улицата „Карпош Војвода“ во должина од 630 метри. Вкупната вредност на проектот е: 8. 807. 073 денари.

- Нов асфалт на коловозот со површина од 5. 953м$^2$
- Реконструирани тротоари од двете страни на улицата
- Нивелирање на сите шахти и сливниците







## ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦА „АБАС ЕМИН“

Во тек е  реализацијата на еден од најважните инфраструктурни проекти во Охрид, а тоа е комплетна реконструкција на улицата „Абас Емин“. Проектот е поделен на два дела, првиот дел, за изведба и реконструкција на фекалната, атмосферската и водоводната мрежа на улицата се реализира со поддршка на Министерството за транспорт и врски и со средства од Европската банка за обнова и развој.

Вториот дел од инвестицијата, кој опфаќа комплетна реконструкција на коловозната лента и тротоарите во должина од 1100 метри, од крстосницата со булевар „Туристичка“ до крстосницата со улицата „Железничка“ ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Охрид.  Вредноста на вкупната инвестиција е околу 40 милиони денари.





## ОХРИД ДОБИВА СОВРЕМЕН ВЛЕЗ ОД СЕВЕРНАТА СТРАНА НА ГРАДОТ

Започна реконструкцијата на улицата „15 Корпус“ на потегот од Здружение на возачи до Градските гробишта во должина од 1900 метри. Се работи за исклучително важна инфраструктурна инвестиција со која што Охрид ќе добие современ влез од северната страна на градот.

Проектот прдвидува замена на атмосферката канализација, поставување на нов асфалт на коловозот, комплетно уредување на тротоарите и велосипедските патеки, поставување на ново осветлување и нова хоризонтална и вертикална сигнализација,

За реализација на проектот Општина Охрид има издвоено 30 милиони од општинскиот буџет, а состанатите средства во износ од 28 милиони денари се обезбедени од ЈП „Државни патишта“.







## НОВА УЛИЦА ВО ПОРАНЕШНАТА КАСАРНА

Во тек се работни активности за изведба на комплетна нова улица која поминува низ поранешната касарна „Михајло Апостолски“ од улицата „Кленоец“ до населбата „Радојца Новичиќ“. Проектот предвидува асфалтирање на коловозната лента и изведба на тротоари. Исто така, улицата ќе добие и нова сигнализација и осветлување.

Овие активности се дел од годишната Програма за Уредување на градежно земјиште и за оваа намена се издвоени околу 13 милиони денари од буџетот на Општина Охрид.



## УРЕДЕН МАЛ ПЛОШТАД КАЈ МЕСНОСТА „ТАБАНА“

Извршена е реконструкција и уредување на мал плоштад кај месноста „Табана“ на улицата „Коста Абраш“ во стариот дел на Охрид. Дотраените бехатон плочки беа заменети со гранитни плочки и гранитни коцки и изведено е соодветно осветлување и хортикултурно уредување. Општина Охрид го реализира овој проект во соработка со Центарот за развој на Југозападен плански регион. Вредноста на проектот е 2. 672. 582 денари.





## ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА „ПРВА МАКЕДОНСКА УДАРНА БРИГАДА“

Започнати се подготвителни работи за реконструкција на улицата „Прва Македонска ударна бригада“ од крстосницата со улицата „Питу Гули” до „Стобекс”. Извршено е преместување на дистрибутивната ниско напонска мрежа за пренос на електрична енергија и замена на постоечките дрвени столбови со нови бетонски столбови. Проектот за реконструкција на оваа улица е дел од годишната Програма за уредување на градежно земјиште и за оваа намена од буџетот на општина. Охрид се издвоени 13 милиони денари.





## ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ

- Изградба на потпорен ѕид во Стариот дел на градот во близина на Спомен куќата на „Григор Прличев“ во вредност од 1. 483. 572.
- Изградба на потпорен ѕид во селото Елшани во вредност од 1. 165. 922 денари.
- Изградба на потпорен ѕид Расино - Вапила во вредност 1. 034. 034 денари
- Изградба на потпорен ѕид - ОУ „Св.Климент Охридски“ во вредност од 225. 144 денари



## ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД СААТ КУЛА ДО ГОРНА ПОРТА

**Изградена е пешачката патека во стариот дел на градот, што води од Саат кулата до Горна Порта. Должината на патеката е 275 метри, со крак од 114 метри, што ја спојува патеката со улицата „Св. Кирил и Методиј“. Патеката е изградена од природни материјали, а вдолж истата се поставени и 24 автентични канделабри.**

**Вредноста на проектот е 3.043.360 денари, а Општина Охрид го реализираше во соработка со Центарот за развој на југозападниот плански регион, со средства обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа.**



## НОВ АСФАЛТ НА УЛИЦАТА „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“

**Беше извршено санирање на оштетените делови на улицата „Васил Главинов“, со гребење на стариот и поставување на нов асфалтен слој. Овој зафат беше дел од програмата на Секторот за комунален развој, сообраќај и улици.**



## АСФАЛТИРАНИ КРАЦИ НА УЛИЦА „ПРИЛЕПСКА“

**Извршено е асфалтирање на 3 краци на улица „Прилепска“ во населбата „Железничка“. Овие активности се во согласност со Програмата за уредување на градежно земјиште за 2020 година во делот на јавниот повик за асфалтирање на пристапни патишта и тесни улички.**



## САНАЦИЈА НА УЛИЦИТЕ ВО НАСЕЛБА „ИСТОК“

**По налог на Општина Охрид санирани се оштетувањата на улиците во населба „Исток“. Потрошени се околу 240 тони асфалт, а асфалтирана е површина од 600 метри квадратни со вкупна должина од 200 метри. Со изведувањето на овој зафат битно се олеснува пристапот на граѓаните до домовите и се подобрува патната инфраструктура.**






## АСФАЛТИРАЊЕ ТЕСНИ УЛИЧКИ

Асфалтирани се 29 тесни улички низ територијата на Општина Охрид со вкупна должина од 2651,49 метри во вредност од 6. 239. 120,16 денари. Беше извршено асфалтирање во селата: Пештани, Коњско, Елшани, Лескоец, Шипокно и Велгошти и во населбите „Видобишпта“ и „Радојца Новичиќ“.

Се пополнуваа и крпеа ударни дупки, а за таа намена потрошени се 215 тони асфалт со вредност од 1. 599. 443,89 денари.



## НОВ КРУЖЕН ТЕК КАЈ „КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА“

Согласно сообраќајниот проект за регулирање на сообраќајот во централното градско подрачје, изграден е нов кружен тек меѓу улиците „Јане Сандански“ и „Партизанска“ во непосредна близина на „Комерцијална банка“.




## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРУЖНА КРСТОСНИЦА КАЈ ОПШТА БОЛНИЦА

Поставен е нов асфалт на крстосницата и до 30м на улиците кои се сечат на крстосницата. Беа реконструирани одморалиштата, дел од тротоарите и беше извршено комплетно ново хоризонтално и вертикално обележување. Вредноста на проектот е 2. 500. 000, 00 денари



## ВЕЛОСИПЕДСКИ ПОСТОЈКИ НА ДЕВЕТ ЛОКАЦИИ ВО ОХРИД

Постевени се велосипедски постојки на девет локации во Охрид. Две паркиралишта има во непосредна близина на поштата, по едно на улица „Македонски Просветители во близина на трговски центар „Амам“, на улица „Туристичка“ кај охридскиот зелен пазар, кај меѓуградската автобуска станица во Охрид, пред „Маларична“, кај Факултетот за туризам и угостителство и пред општинската зграда. Проектот за поставување на велосипедските постојки е во вредност од 600. 000 денари и Општина Охрид го реализираше во соработка со ГИЗ и ЗЕЛС.



## НОВА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ЛЕСКОЕЦ И РАЧА

Нова фекална канализација е поствена во селото Лескоец во должина од 800 метри со вредност од 2. 390. 085 денари
Нова фекална има и во населбата Рача во должина од 300 метри и вредност од 1. 092. 560 денари.




## НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБАТА „ХРИСТО УЗУНОВ“

Поставена е нова атмосферска канализација во населбата „Христо Узунов“, со што ќе се надмина долгогодишниот проблем со насобирање на атмосферска вода на коловозот, во овој дел од населбата.



## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКИНЗИ

Реализирани се активности за асфалтирање на паркинг просторот позади Студенскиот дом „Никола Карев“ на улица „Партизанска“ и паркингот во населбата „Охридати“ во непосредна близина на хотел „Дипломат“.

Овие активности се дел од годишната Програма за уредување на градежно земјиште на Општина Охрид во делот за Изградба и реконструкција на улици кружни крстосници, паркинг простори и велосипедски патеки.



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТРОТОАРОТ И ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ НА БУЛЕВАР „ТУРИСТИЧКА“

Во тек се работни активности за реконструкција на тротоарот и велосипедските патеки на булеварот „Туристичка“ во потегот од крстосницата со улица „Јане Сандански“ до крстосницата со улица „Даме Груев“. Освен асфалтирање, поплочување и поставување на нови рабници, планирана е замена на стариот дрворед со нови соодветни садници.

# ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА ОХРИД





## ЈП „НИСКОГРАДБА“

Во делокругот на своето работење врши одржување и управување на канализацискиот систем на Охрид, односно претставува давател на услуги за одведување на отпадните води.

Во текот на изминатиот период од мај 2019 до мај 2020 година, ЈП „Нискоградба“за одржување на канализацискиот систем извршила околу 3000 интервенции на отстранување на дефекти на уличната канализациона мрежа. Извршена е контрола и чистење на целата должина од канализациониот систем и извршена е санација на околу 100 шахти на уличната канализациона мрежа и 50 сливници и шахти од атмосферската канализациона мрежа.

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА ОХРИД



# ИЗВЕДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

**Вкупно се изведени 1600 метри фекална канализација во износ од 5. 776. 500 денари**

Во градот Охрид изведени се 860м фекална канализација во износ од 3. 520. 000,00ден од кои

- Фекална канализација „Болнички комплекс“ Ф300- 90м во износ од 359. 748,00 денари
- Фекална канализација СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ (економско) Ф200 -85м во износ од 356. 239,00 денари
- Фекална канализација ул. „Егејска“ (стар отпад) Ф200-75м во износ од 406. 619 денари
- Фекална канализација спортска сала ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ Ф200 -42м во износ од 142. 036 денари





- Во населба Рача- изведени се 189м фекална канализација во износ од 340. 468,00 ден.
- Во село Лескоец- изведени се 414м фекална канализација во износ од 1. 315. 071,00 ден.
- Во село Велгошти- изведени се 102м фекална канализација во износ од 398. 195,00 ден.








# ИЗВЕДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

**Во град Охрид се изведени 950м атмосферска канализација во износ од 4. 929. 634 денари.**

- Атмосферска канализација ул„ Коста Абраш"Ф300- 64м во износ од 420. 335 денари
- Атмосферска канализација ул„ Егејска"Ф400- 516м во износ од 2. 969. 114 денари
- Изведба на сливници и реконструкција на шахти ул. „АСНОМ" во износ од  542. 767 денари









# ЗАВРШНИ РАБОТИ НА УЛИЦИ

**Поплочување со бехатон плочки 2650м$^2$ во износ од 6.250.000 денари од кои:**

- Реконструкција на кружна крстосница на пресек на Бул.Туристичка со ул.„ Бистрица", 640м$^2$ во износ од 1.278.324 денари
- Кружна крстосница кај Општа Болница -860м$^2$ во износ од 1.379.795 денари
- Поплочување на улица „Бистрица" бр.80 - крак -253м$^2$ во износ од 348.938 денари
- Уредување на тротоарски површини  на крстосница помеѓу улиците  „Туристичка" и  „Стив Наумов"  дел 2 -502м$^2$ во износ од 777.977 денари





# ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА ОХРИД

## ЈП „ВОДОВОД“

ЈП „Водовод“ Охрид како самостоен правен субјект е основан на 24. 12. 2019 година и е еден од наследниците на МЈП Проаква – Струга кој е ликвидиран врз база на делбен биланс. Покрај ова претпријатие основани се и уште две други нови претпријатија, ЈП „Водовод и канализација“ – Струга и ЈП „Колекторски Систем“ – Скопје. Сите три новоформирани претпријатија добиваат наследени средства, капитал, права и обврски. На основањето на ЈП „Водовод“ Охрид како засебен правен субјект му претходеа неколкумесечни финансиски анализи. ЈП „Водовод“- Охрид за период од 01. 07-31. 12 2019 година покажува Нето добивка од 987 илјади денари. Со тоа се создадени првите предуслови за одвоено работење на ова претпријатие.

Во 2019 година по налог на локалната самоуправа, ЈП „Водовод“ – Охрид реализира активности кои се однесуваат пред се на изведба на нови или реконструкција на постоечки водоводни линии со вкупна должина од 1. 503 метри и вкупна вредност од 4. 370. 848, 2 денари.







## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

- Изведба на водоводна линија на улица „Илинденска” – два крака во село Лескоец со профили должина Ø 63 – 121 м и Ø 25 – 55 м. Вредноста на зафатот е 469 564 денари.
- Дислокација на водоводна линија на водоводна линија на ул. „7 Ноември” со профил и должина Ø 225 – 88 м и Ø 1 – 36 м. Вредноста е 634 681 денари.
- Нова водоводна линија на ул. „Васил Стефоски” – ул. „Сатеска” до комплекс „Икмет Џила”, со профил и должина Ø 160 – 174 м. Вредноста е 758 378 денари.








- Изведба на водоводна линија во с. Лескоец кај старо „Гир-Риг” со профил и должина Ø 90 – 190 м и Ø 3/4 – 20. Вредноста е 368 324 денари.
- Дислокација на водоводна линија на бул. „Туристистичка”, крак Голевци со профил и должина Ø 90 – 60 м и Ø 25 – 8 м . Вредноста е 274 488 денари.
- Изведба на водоводна линија на пешачката патека од ресторанот „Котва” кај каналот Студенчишта до некогашниот хотел „Парк”. Се поставуваат цевки со профил и должина Ø 63 – 80 м, Ø 20 – 80 м и Ø 150 – 4 м. Вредноста на овој голем проект е 245. 935 денари.
- Изведба на водоводна линија во с. Лескоец на ул. “Рашанец” со профил и должина Ø 63 – 89 м и Ø 3/4 – 20 м. Вредноста е 102 876 денари.









- Изместување на водоводна линија на ул. „Пирин Планина” со профил и должина Ø 63 – 28 м, Ø 3/4 – 2 м. Вредноста на зафатот е 44. 386 денари.
- Подводно одржување и контрола на собирен цевковод за ПС Трпејца и санација со профил и должина Ø 5/4 – 70 м. Вредност е 38. 766 денари.
- Подземен премин на ул. „Марко Несторовски” со профил и должина Ø 2” – 10 м. Вредноста на зафатот е 97 498 денари.
- Изведба на водоводна линија на ул. „Стив Наумов” со профил и должина Ø 1” – 18 м. Вредноста на зафатот е 49 973денари.
- Дислокација на водоводна линија на ул. „Славеј Планина” со профил и должина Ø 3/4 – 30м, Ø 1” – 15 м . Вредноста на зафатот е 29 130 денари.
- Дислокација на водоводна линија на ул. „Славеј Планина” со профил и должина Ø 1” – 50 м. Вредноста на зафатот е 32 923 денари.
- Изработка на собирен систем кај „Билјанини Извори“ со профил и должина Ø 200 – 24 м (канализациски цевки). Вредноста е 48 759 денари.
- Поставување на фонтана во с. Трпејца. Вредноста на проектот е 72 459 денари.
- Изведба на водоводна линија на бул. „Македонски Просветители”, крак Ќосевци со профил и должина Ø 90 – 38 м. Вредноста е 182 967 денари.




- Изведба на водоводна линија на ул. „Галичица” со профил и должина Ø 2” – 29 м и Ø 3/4 – 13 м. Вредноста е 106. 160 денари.
- Изведба на водоводна линија во с. Велгошти, крак Кецкар со профил и должина Ø 63 – 128 м. Вредноста на зафатот е 64 292 денари.
- Изработка на усисен цевковод за СРЦ „Билјанини Извори” со профил и должина Ø 225 – 10 м. Вредноста на зафатот е 272. 488,20 денари.
- Изведба на водоводна линија за приклучок на спортска сала на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски” со профил и должина Ø 90 – 29 м и Ø 63 – 2 м. Вредноста е 278 557 денари.
- Вграден материјал за потребите на Секторот за комунални дејности, улици и сообраќај со профил и должина Ø 1 “ – 30 ми Ø 63 – 70 м. Вредноста на зафатот е 19. 753 денари.
- Појачување на водоводна линија на ул. „8 Март” бр. 10а, крак „Кадри Селман“ со профил и должина Ø 63 – 46 м. Вредноста на зафатот е 75. 527 денари.



## РЕКОНСТРУИРАНИ ДЕЛОВИ ОД ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ ВО СЕЛО ДОЛНО ЛАКОЧЕРЕЈ

Со одлука на советот на Општина Охрид, одлучено е водоводниот систем на МЗ Долно Лакочереј да се отстапи на стопанисување на ЈП „Водовод” – Охрид. Водоводниот систем се наоѓаше во катастрофална состојба, при што мораше најитно да се интервенира. Извршена е реконструкција на најитните делови од водоводниот систем:

- Интервенција на каптажата на изворот;
- Набавка на станица за хлорирање;
- Електромашински дел за хидростаницата и пумпна постројка;
- Набавка на пумпа GRUNDFOS и поставување;

Вредноста на проектот е 957. 568 денари.



## ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“

Во рамка ЈП „Градски гробишта“ по налог на Општина Охрид реализира низа активности кои се однесуваат на уредување на јавни површини во градот: плоштади, тротоари, патеки, тесни улички, подигнување на потпорни ѕидови и други активности вредни 4. 857. 718 денари. Во овој едногодишен период поставени се 3698м² бехатон плочки, вградени се 27,6м³ бетон, а поставени се и 621 парче парковски рабници.

# ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА ОХРИД



## ИНВЕСТИЦИИ НА УЛИЦА „АСНОМ“

Поставени се 940м² бехатон за уредување на тротоар и пешачка патеки.
Вредноста на проектот е 620. 385 денари.
Изведба потпорен ѕид, вградени се 11,50м³ бетон. Вредноста на проектот е 113. 634 денари.



## УРЕДУВАЊЕ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ВО СЕЛО ПЕШТАНИ

Уредување пешачка патека во село Пештани. Станува збор за вториот крак од улицата „Насте Бакулески“ каде се поставени 430м² бехатон и 50 парковски рабници.
Вредноста на проектот е 472. 873денари.





**Изведба на пристапни рампи во централно градско подрачје**
Вредноста на проектот е 445. 922 денари.

**Уредување на пешачки патеки на улица „15 Корпус“** позади Шумско стопанство „Галичица“, Поставени се 370м² бехатон.
Вредноста на проектот е 400. 468 денари.

**Уредување на пешачка патека во село Велгошти под црква „Свети Пантелејмон“**
Поставен е бехатон на површина од 200 м²
Вредноста на проектот е 215. 137 денари.

**Уредување на пешачка патека во село Велгошти на „Весела“ уличка.**
Поставен е бехатон на површина од 240 м²
Вредноста на проектот е 258. 986 денари.

**Уредување на пешачки улички во село Трпејца**. Поставени се 320 м² бехатон.
Вредноста на проектот е 343. 262 денари.

**Уредување на пешачка патека во населба Рача**, фаза 3. Поставени се 147 м² бехатон.
Вредноста на проектот е 157. 462 денари.





**Уредување на пешачка патека во село Пештани на улица „Галичица“.**
Поставени се 160 м² бехатон.
Вредноста на проектот е 173. 342 денари.

**Уредување на паркинг простор пред Горна Порта во Стар Град.**
Поставени се 120м² бехатон.
Вредноста на проектот е 135. 157денари.

**Уредување пристапна пешачка патека во населба „Радојца Новичиќ“ на улица „Петрино“.**
Поставени се 113м² бехатон.
Вредноста на проектот е 121. 375 денари.

**Уредување на пешачка патека во село Велгошти на улица „Илинденска“.** Поставен е 150м² бехатон.
Вредноста на проектот е 159. 984 денари.

**Изведба на бетонска жардиниера на ул. „Туристичка“ пред Охридска Банка.** Вградени се 3,5м³ бетон.
Вредноста на проектот е 146. 436 денари.

**Уредување на пешачки патеки во населба „Радојца Новичиќ“** каде се поставени бехатон плочки на површина од 130м²
Вредноста на проектот е 142. 166 денари.



**Уредување на пешачка патека за лица со инвалидитет во ОУ „Ванчо Николески“ во село Лескоец.**
Поставени се 80м² бехатон и 70 парковски рабници.
Вредноста на проектот е 123. 605 денари.

**Поставување на парковски рабници на дел од пешачка патека кај каналот Студенчишта.**
Поставени се 385 парковски ивичњаци.
Вредноста на проектот е 109. 032 денари.

**Уредување на простор пред спомен биста на пистаелот Живко Чинго во село Велгошти.** Поставени се 13м² бехатон.
Вредноста на проектот е 40. 946 денари.



**Изведба на градежни работи на плоштад „Табана“.** Вградени се 2,5м³ бетон.
Вредноста на проектот е 26. 703 денари.

**Уредување на пешачка патека во населба Рача,** фаза 4. Поставени се бехатон плочки на површина од 90м²
Вредноста на проектот е 96. 264 денари.

**Уредување на дворна површина и изработка на одводен канал на улица „Македонски Просветители“ 27/2** се вградени 1,1м³ бетон. Вредноста на проектот е 24. 939 денари.

**Уредување на пешачки патеки во село Трпејца,** фаза 2. Поставени се 65м² бехатон. Вредноста на проектот е 69. 030 денари.
Изработка на **армирано бетонски потпорен зид на улица „Марко Цепенков“** во населба Видобишта каде е вграден 4,5м³ бетон. Вредноста на проектот е 45. 546 денари.

**Уредување на пешачка патека за капачи кај месноста Сараиште во стариот дел на Охрид.** Поставени се 25м² бехатон и 2м³ вграден бетон. Вредноста на проектот е 36. 609 денари.

**Уредување на тротоарска површина на пресекот од улица „Јане Сандански“ пред маркет „Рамстор“ во Охрид** каде се поставени бехатон плочки на површина од 40м² Вредноста на проектот е 49. 949 денари.

**Поставување на бетонски столбчиња низ територија на Општина Охрид** прва времена ситуација. Вредноста на проектот е 21. 712 денари.

**Изработка на дрвени клупи, фарбање и промена** на даски на клупи низ целата територија на Општина Охрид. Вредноста на проектот е 95. 084 денари.

**Уредување на спомен биста во село Рамне.**
Вградени се 2,5м³ бетон. Вредноста на проектот е 22. 574 денари.
**Поставување на бетонски столбчиња (топки) низ територија на Општина Охрид,** трета времена ситуација. Вредноста на проектот е 12. 213 денари.

**Поставување на бетонски столбчиња** прередување на бехатон плочки и други бетонски работи низ територија на Општина Охрид. Поставени се 46м² бехатон и 16 парковски рабници. Вредноста на проектот е 55. 383 денари.

**Поставување на бетонски столбчиња,** прередување бехатон плочки и други бетонски работи низ територија на град Охрид прва времена ситуација. Поставени се 19м² бехатон и 100 парковски рабници. Вредноста на проектот е 121. 540 денари.

## НАБАВЕНИ 7 СПЕЦИЈАЛНИ КОМУНАЛНИ ВОЗИЛА

За подигнување на капацитетот и подобрување на услугите во 2019 година ставени се во употреба 7 специјални комунални возила кои Општина Охрид ги набави за потребите на ЈП „Охридски Комуналец“. Финансиски средства беа обезбедени од договор за под заем бр. МСИП/37 потпишан помеѓу Општина Охрид и Министерство за финансии преку единица за управување со МСИП на Светска банка. Вкупниот износ на инвестицијата е 451. 700 евра Набавени се:

- 2 возила за собирање на комунален отпад со надградба со капацитет од 3м³ за транспорт на отпад од пластични садови со зафатнина од 120, 240 и 360 литри,
- 2 возила за собирање на комунален отпад со надградба со капацитет од 8м³ за собирање и транспорт на отпад од контејнери за отпад со зафатнина од 1. 1м³ и 120 и 240 литри,
- 1 возило за собирање комунален отпад со надградба со капацитет од 20м³ за собирање и транспорт од контејнери за отпад со зафатнина од 1. 1м³ и 120 и 240 литри,
- 1 возило за миење улици-цистерна со капацитет од 8. 000 литри и
- 1 специјално возило-трактор



# ИНВЕСТИЦИИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА








# НАБАВЕНИ СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МАШИНИ

Преку грант на успешност, инвестициска компонента Ц - „Инвестициски грантови“ на МСИП од Светска банка, Општина Охрид набави четири нови возила за потребите на јавните претпријатија „Охридски комуналец“ и „Нискоградба“.

Преку овој проект се набавија:

- 1 специјално возило камион со инсталирана надградба кипер
- 1 специјално товарно возило камион со дупла кабина
- 1 комбинирана машина ровокопач-утоварувач
- 1 машина ровокопач, мини багер хидрауличен на гасеници.

Вкупната сума за набавката на овие возила изнесуваше 7. 159. 768 денари, од кои 807. 082 денари беа учество на општина Охрид, а останатите се средства од Светска банка.









# НАБАВЕНИ ДЕСЕТ МОТОРНИ ЧИСТАЧИ НА СНЕГ СО ДУВАЛКА

За подигнување на капацитетот и подобрување на услугите во 2019 година ставени се во употреба 7 специјални комунални возила кои Општина Охрид ги набави за потребите на ЈП „Охридски Комуналец“. Финасиски средства беа обезбедени од договор за подзаем бр. МСИП/37 потпишан помеѓу Општина Охрид и Министерство за финансии преку единица за управување со МСИП на Светска банка. Вкупниот износ на инвестицијата е 451. 700 евра Набавени се:

**Општина Охрид набави десет нови моторни чистачи на снег со дувалка за потребите на ЈП „Охридски Комуналец“. Вкупната вредност на набавката изнесува 755. 200 денари. Моторните чистачи значително придонесуваат за полесно и поефикасно расчистување на снегот на пешачките и велосипедските патеки и тротоарите.**







## ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

**Работите кои се однесуваат на собирање, подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад, одржување на депонија Буково и депонија за градежен шут се реализираат според Програмите за работа и во периодот мај 2019 година до март 2020 година подигнати се 159. 548м$^3$ комунален отпад од домаќинства и 8. 884м$^3$ комунален отпад правни субјекти (6. 171м$^3$ од хотели и ресторани и 2. 713м$^3$ од останати), 690м$^3$ индустриски неопасен отпад, а извршено е уништување на 172м$^3$ отпад.**

Во поглед на финансиското работење кај сите приходи евидентиран е позитивен финансиски резултат и подобрување на материјалната основа. Намалена е задолженоста на претпријатието преку континуирано, редовно и навремено подмирување на долговите спрема добавувачите, долговите по основ на кредити, затезни камати и судски решенија. Главниот долг по кредит кон А. Д. „Охридска Банка“ во мај 2019 година е целосно подмирен. Врз основа на склучени вонсудски спогодби за стари долгови по извршни решенија и пресуди исплатени се 12. 396. 526 денари, а врз основа на спогодбите намалено е плаќањето камата. Континуирано се врши навремено подмирување на сите доспеани обврски. Во 2019 година со февруарската плата после долги години сите вработени во Ј. П. „Охридски Комуналец“ добија зголемување на платата согласно Аналитичката проценка на работните места која е изготвена во согласност со критериумите утврдени во колективниот договор и Правилникот за систематизација на работните места. Така зголемувањето на плататата на ниво на целото претпријатие за 2019 година изнесува 16,3 %, споредено со 2018 година. Во 2019 година на вработените им е исплатен регрес за годишен одмор во вкупен износ 1. 692. 000 денари.

## ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО









## СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

- **Поставени се 63 информативни табли за забрането фрлање отпад** на локации каде во изминатиов период е евидентирано недозволено одлагање и фрлање отпад од секаков вид градежен шут, кабаст отпад, зелен отпад и друг комунален отпад;
- **Вклучување во активностите за подигање на снежни наноси** од јавните пешачки површини, коловози и тешко пристаспни места согласно Програмата за зимско одржување 2019/2020 год.
- Активно вклучување, расчистување, украсување и друга логистичка **помош околу одбележување на верски празници и манифестации** како: празник Св. Наум во истоимениот манастирски комплекс, настаните од фестивалот „Охридско лето“, верскиот празник „Богојавление Водици 2020 година“ и други настани.



- **Реализирана акција за чистење на речните корита и сливните подрачја** на територијата на општина Охрид согласно годишната програма на Секторот за комунални дејности при општина Охрид;

- **Акција за чистење на потегот од кампот Љубаништа** до манастирскиот комплекс Свети Наум, како и на плажите Лабино, Грашница и сливното подрачје на реката Грашница.



## РЕШЕНИЕ ЗА БЕЗДОМНИТЕ КУЧИЊА

Во соработка со локалната самоуправа пристапи кон темелно решавање горливиот проблем со бездомни кучиња согласно сите позитивни законски прописи за обезбедување на сите неопходни услови и средства за третирање на бездомните кучиња.

- Изготвен е документот „План и Програма за заловување и чување на бездомни кучиња“
- На локалитетот „Мауцкер“ ограден е простор со поголема површина каде заловените кучиња ќе престојуваат.
- Набавена е опрема за заловување, а изготвени се 5 големи кафези
- Набавени се две возила за заловување
- Направен е избор на стручно лице - Ветеринар







## ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО

- **Чистење на обрасната вегетација** и суви и опасни дрвја на дел од охридското Кале во населбата Даљан како и во дел од атарот и патните правци на селата Лакочереј, Куратица, . Завој, Свиништа, Косел, Вапила.

- **Одстранување на засадените палми и замена со јавори и јасени**

- **Формирано ново хортикултурно катче** со декоративни садници кај ТЦ „Амам“и уредување на јавната површина пред споменикот на Коста Абраш на Сараиште.







- **Засадени се** 50 каталпи и 10 пајасмани во градското кале, 50 врби покрај брегот на Охридското Езеро во Рача, 30 садници јасен на улица „АСНОМ“, 5 црвени сливи и 10 јапонски цреши во градскиот парк  25 садници  од видот „ликвидамбар“ на пешачката патека покрај каналот Студенчишта.

- **Засадени се 50. 000 садници** од летната цветна реколта од видовите агератум, салвија, петунија, “Лепи Јово” и “џунџуле”  и 50. 000 садници од зимска реколта од  видот viola (очиња) од сопствено производство.











## НАБАВКА НА ОПРЕМА

Издвоени се средства  за инвестиции во вредност од 4. 038. 698 денари  за основни средства, компјутерска опрема и специјални возила и алати.

- половно специјално возило со електричен погон за собирање ситен отпад и празнење на корпи по чаршијата и пешачките зони во централното градско подрачје
- нови и половни патнички возила
- земјоделска парковска механизација
- машина за миење возила
- половна машина за миење сообраќајници
- пластични саксии и жардиниери
- 230 пластични контејнери со капацитет од 1. 100 литри
- 400 канти со капацитет од 120 литри и
- 50 канти со капацитет од 240 литри.




## ВОВЕДЕНА Е-НАПЛАТА НА СМЕТКИ

- Ј. П.  „Охридски Комуналец“ во октомври 2019 година започна со Е-наплата на сметките за услугата: подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад.  Со оваа платформа за електронска наплата им овозможуваме на корисниците онлајн плаќање на сметките со кредитна или дебитна картичка без провизија.

## ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“

На крајот од 2019 година беше ставена во употреба Административно деловната зграда во која е сместен затворениот зелен пазар. Придобивките од проектот се модернизирани услови за работа на Зелениот пазар, исполнување на стандардите за трговија со земјоделски и прехрамбени производи од животинско потекло, подобрување на услугите на граѓаните и правните лица од подрачјето на Општина Охрид, а согласно со стратешките определби за развој и унапредување на Локалната самоуправа. Проектот се реализира по пат на јавно приватно партнерство на општина Охрид и АД „Илинден“ од Струга и е вреден 3 милиони и 500 илјади евра.

Новата административно – трговска зграда е со површина од 6 . 779 м2. Во подземјето е сместен јавен паркинг од 2 433 м2 и техничките одделенија. На приземјето е Зелениот пазар со 90 нови тезги уредени по современи хасап стандарди. Тука се вклучени и дуќани, заеднички простории, тоалети, хол, лифт, подвижни скали, пристапни рампи за лицата со посебни потреби и санитарни јазли.

# ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА ОХРИД

## ОХРИД ДОБИ НОВ ЗАТВОРЕН ЗЕЛЕН ПАЗАР



# ОХРИД ДОБИ НОВ ЗАТВОРЕН ЗЕЛЕН ПАЗАР











# ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Јавното претпријатие „Градски пазар“ за периодот 01.01-31.12 2019 година има остварено добивка односно позитивен финансиски резултат во висина од 36,226.00 денари. Споредбено со истиот период претходната година (2018) кога е покажана загуба во износ од 1. 689. 151.00 денари.

Претпријатието во 2019 година работеше исто како и во 2018 година, во отежнати услови поради изградбата на новиот објект. Доколку се направи анализа на остварените приходи,претпријатието има зголемување од 12,58 % во однос на 2018 година

## РЕАЛИЗИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ И АКТИВНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

- Поставување на метални огради на дрворедот на булевар „Туристичка“ и дрворедот во село Пештани;
- Поставување на полукружни метални огради на кружните сообраќајници и на булевар „Туристичка“.
- Реконструкција и санација детските игралишта во близина на градскиот парк, кај мостот Студенчишта, на ул. „Јане Сандански“, во населбите: „Бараки“, „Христо Узунов“, „Воска“, „Даљан“ и во близина на фабриката „Отекс“ и населба Расадник, Пештани Бараки и во селата Велгошти и Подмоље;
- Санација на ограда од мост во с. Долно Лакочереј
- Конструкција на метална врата, санација на решетка од сифон и детско игралиште во ОУ„ Григор Прличев“
- Поставување на метална ограда и метална ограда со жица на ул. „Махмут Рифат“;
- Оградување на детско игралиште на ул. „Крум Точко“ и Поставување на ограда на спортско игралиште во месноста Сараиште
- Поставување ограда на малиот мост кај пешачката патека во Билјанини Извори;
- Демонтирање на платформи покрај крајбрежје на Охридско Езеро и расчистување на терен и демонтирање на рекламни билборди

## ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“

Започнаа подготвителните активности за изградба на новата трибина на Градскиот стадион „Билјанини Извори“. Овој исклучително важен проект чија вредност е 1. 000. 000 евра, го реализира Општина Охрид заедно со Фудбалската федерација на Македонија

Трибината ќе биде изградена по највисоки светски стандарди, ќе биде сместена од спротивната страна на постоечката трибина и ќе има капацитет од 1480 седишта. Во нејзиниот централен дел се предвидени вип седишта, коментаторска кабина и простор за камери. Еден дел од трибината ќе биде наменет за инвалидизирани лица со посебни пристапни патеки.

Во еден дел трибината ќе биде покриена, а согласно проектот предвидени се, просторија за вработени со санитарии, гардероба со санитарии за натпреварувачи, просторија за делегати со тоалет, просторија за судии со санитарии, просторија за допинг контрола со санитарии, простории за лекарски прегледи за играчи, судии и за посетители, магацински простории, технички и останати пропратни простории и комуникации.

Проектот е исклучително важен за спортот во градот и развој на спорткиот туризам.

# ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА ОХРИД





## ЗАПОЧНАА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВАТА ТРИБИНА НА СТАДИОНОТ „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“











# РЕАЛИЗИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ И АКТИВНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

- Реконструкција и санација на главното градско игралиште за фудбал на градскиот стадион. Поствени се околу 3000м² бусен (тревна подлога).
- Санација на паркет во спортска сала „Билјанини Извори“ во вредност од 500. 000 денари, средства од Општина Охрид.
- Поставени висечки кошеви во спортската сала
- Реновирање на тоалетите во спортската сала
- Реновирање на пристапот за интервенции во спортската сала
- Реновирани се канцелариите, поставен е ламинат и жалузини во сите простории .
- Поправка на систем за наводнување на вештачка трева.
- Комплетна поправка (ремонт) на три трактори за косење.
- Поправка на дозер за вода во компензационен базен на отворениот базен.
- Поставување на дополнителни информациски табли на јавните паркинзи.
- Подготовка за премиум зона за паркирање
- Поставување на фундаменти за рампи и наплатна куќарка
- Поставено лизгалиште на мраз







# ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

ЈП „Билјанини извори“ во првата година од мандатот на градоначалникот Константин Георгиески бележи финансиски успех со остварен приход од 27. 896. 452 денари. Претпријатието целосно го исплати долгот кон ЕВН Македонија, а редовно се исплаќаат и паушалите за сите членови на управниот и надзорен одбор.

Исто така во 2019 година, беше поделен еднократен паричен надоместок од по 10. 000 денари за сите вработени, а извршено е и зголемување на платата за сите вработени во просек од 20 %.

1 ГОДИНА ЗАЕДНО ЗА ОХРИД

# ПОДОБРИ УСЛОВИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Со плански менаџмент и правилна распределба на средствата, Општина Охрид презеде сериозни чекори за подобрување на условите во основните и средните училишта во Охрид и подигање на воспитно-образовниот процес на соодветно ниво.

Децении наназад учениците учеа во училници во кои имше провев од сите страни, во кои прокиснуваа таваните, а подовите се распаѓаа. Токму затоа оваа локална власт реализираше значајни проекти за замена на кровни конструкции, реконструкција на подови, нови тавани, надворешна столарија и набавка на опрема.

Водени од приоритетните потреби на заедницата, ги слушаме барањата на родителите и ги следиме современите трендови во делот на воспитно-образовниот процес.
Нашиот град се гордее и во иднина ќе се гордее со ученици кои имаат големи образовни успеси на ниво на нашата земја но и во меѓународни рамки. Ќе се трудиме да им овозможиме услови и мотивација за уште поголеми успеси и достигнувања.





## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА






# ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“

## ОДБЛОКИРАНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ

Од почетокот на оваа година училиштето започна да функционира нормално, бидејќи Општина Охрид ги сервисираше сите обврски, целосно го исплати преземениот долг на училиштето и училиштето има одблокирана сметка.

Вкупниот долг на училиштето кон 22 доверители изнесуваше 37. 733. 670 денари. Општина Охрид заклучно со 30. 12. 2019 година исплати вкупно 33. 673. 308 денари, при што со отпишување на камати остварени се заштеди во износ од 8. 654. 902 денари.



## ПРОМЕНА НА ДОГРАМА

Со средства на Владата на Република Северна Македонија, старата и дотраена се промени со нова и високо квалитетна дограма на првиот кат. Вкупната вредност на проектот изнесува 1. 685. 000 денари.

- Променети се прозорците на седум училници, пет кабинети и два светларници на прв кат
- Променети се прозорците на ходниците во приземје и на прв кат.



## НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР

Со средства на училиштето поствена е нова ограда околу паркот во училишниот двор, а извршено е бојадисување и цртање на ѕидовите на училиштето.
Во соработка со ЛК „Лихнидос“ беше променето севкупното осветлување во дворот и внатрешноста на училиштето.

- Поставени се 22 рефлектори од 150,100 и 50 вати
- Поставени се 12 фенерски светла.




## ВКЛУЧЕНОСТ ВО ПОВЕЌЕ ПРОЕКТИ

Наставниците од ова училиште имаат земено активно учество во повеќе од четиринаесет проекти, меѓу кои се: „ASEF (роботика)“, „СПЕКТРУМ“, „Наставни содржини за добри наставни процеси“, „Училишта за 21ви век“ и други. Проектите се организирани од реномирани домашни и меѓународни здруженија, фондации и институти.

# ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“

## ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Во соработка со Општина Охрид во училиштето се обезбедени три образовни асистенти за децата со посебни образовни потреби. Целта на асистентите е да придонесат и да помогнат кон полесно справување на образовните потреби на овие деца.

Преку соработка со „Ротари“ клубот од Охрид, извршено е опремување на кабинетот на дефектологот за потребите на децата со посебни потреби.



## КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОКРИВОТ

Извршена е комплетна промена на покривот на училишната зграда. Во рамки на проектот за реконструкција, постоечките азбестни табли беа заменети се со 3. 348 метри квадратни лимен покривач. За оваа намена во Годишната програма за образование на Општина Охрид се предвидени 4. 849. 224 денари.









# ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ – ЛЕСКОЕЦ

## ГРАДЕЖНИ ЗАФАТИ И РЕКОНСТРУКЦИИ

Во соработка со Општина Охрид училиштето доби финансиски средства од USAID за изведување на неколку градежни зафати. Градежните активности опфатија:



- Реконструкција на училишните тоалети
- Реконструкција на ѕидовите на осум училници
- Фарбање на дрвената ламперија во училиштето
- Реконструирање на ѕидовите и таванот во училишниот ходник и поставување на нови светилки
- Фарбање на ѕидовите со специјална боја
- Реконструкција на подот во ходникот
- Изградба на пристапна рампа од задниот влез на ходникот

Вкупната вредност на зафатите изнесува 1 500 000 денари, од кои 300 000 денари се учество на општина Охрид, а 1 200 000 денари се одобрени средства од USAID.

- Од средства на училиштето, извршено бетонирање на подрумските простории и променети си вратите на сите училници и две помошни простории.

Вредноста на овие активности изнесува 110. 443 денари.





## ПАРТНЕРСТВО ВО НЕКОЛКУ ПРОЕКТИ

### ПРОЕКТ „ЧИСТА ПРИРОДА – ДОЛГ ЖИВОТ“

Оовј проект се имлементира од Британската национална агенција во рамки на програмата Еразмус+, а партнери во проектот се училишта од  Велика Британија, Република Северна Македонија, Турција, Португалија и Романија.

Одобрените средства за овој проект се во висина од 18. 459 евра, а целта е со разни активности со земјите партнери да се разменат искуства од областа на заштитата на животната средина.

### ПРОЕКТ- „БРИШЕЊЕ БАРИЕРИ ПРЕКУ СПОДЕЛУВАЊЕ БОГАТСТВА“

Партнери во овој проект се Полска, Република Северна Македонија, Турција, Португалија, Грција и Италија. Вредноста на овој проект е 31. 200 евра.

### ПРОЕКТОТ „MACEDONIA SCHOOLS PROJECT“

Во рамки на овој проект се обезбедени осум безбедносни камери и печатар во боја во вредност од 295 евра.

**Вкупните средства што стојат на располагање на училиштето од проекти изнесуваат 50. 454 евра.**



## ОУ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ – ПЕШТАНИ

## ИНВЕСТИЦИИ НА УЧИЛИШНА ЗГРАДА ВО ПЕШТАНИ

Со средства од општина Охрид заменета е старата кровна конструкција и поставена нова на површина од 200 м2. Вредноста на зафатот изнесува 259. 600 денари.

На училишната зграда инсталиран е фотоволтаичен систем со моќност 15 Kw. Фотоволтаиците се обезбедени од страна на Општина Охрид во рамките на ИПА компонентата на ЕУ за набавка на фотонапонски системи за јавни објекти, која ја имплементира Министерството за финансии во соработка со Светска банка.











## ГРАДЕЖНИ ЗАФАТИ ВО ПОДРАЧНИ УЧИЛИШНИ ОБЈЕКТИ

**Во ПУ село Елшани:**

- Променет е кровот на училиштето. Вредноста на зафатот изнесува 1. 122. 897 денари.
- Променета е таванската конструкција со површина од 248 м2 и поставено е ново осветлување
- Променета е санитаријата во машките и женските тоалети
- Поставени се бехатон плочки во училишниот двор



**Во ПУ с. Коњско**

- Променет е кровот на училиштето. Вредноста на зафатот изнесува 486. 993 денари.
- Променета е надворешната дотраена дограма и поставени се нови ПВЦ прозорци и влезна врата
- Направен е детски забавен парк.

# ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОГРАМА

Извршена е промена на старата со нова висококвалитетна дограма. Нови прозорци се поставени во шест училници и два кабинети. Вкупните средства предвидени за оваа намена изнесуваат 4. 855. 830 денари.

Дел од средствата за реализација се добиени од Министертвото за локална самоуправа преку Центарот за развој на југозападниот плански регион во рамки на проектот „Енергетско ефикасни објекти“, а дел од средства се обезбедени од Општина Охрид.











## НОВИ УЧИЛНИЦИ

Поради зголемениот број на ученици извршена е адаптација на две училници. Поствен е нов под од ламинат и набавен е нов мебел. Исто така, направена е нова просторија за техничкиот персонал.



## ПРОЕКТ „ПОПРЕЧЕНОСТА НЕ Е ПРЕЧКА ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ“

Со помош на Општина Охрид имплементиран е проектот „Попреченоста не е пречка во моето училиште“ финансиран од Австралиската амбасада од Белград во рамки на повикот од „Direct Aid Program“, во делот за „Негување на инклузивност за лицата со посебни потреби“.

Во рамки на проектот беше набавена опрема за учениците со посебни потреби – еден електромоторен транспортер на инвалидски колички (гасеничар- liftkar) и мобилни преносни алуминиумски рампи. Вредноста на проектот е 5. 635 австралиски долари.

## ОУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“

## ПРОМЕНА НА КРОВ ВО УЧИЛИШЕН ОБЈЕКТ ВО НАСЕЛБА ЛЕСКАЈЦА

Со средства обезбедени од Локалната самоуправа во ОУ „Братство Единство“ – Лескајца, се промена кровниот покривач. Износот на овој зафат изнесува 3. 239. 482 денари.









## ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ – ВЕЛГОШТИ

## ФОТОВОЛТАИЧНИ СОЛАРНИ СИСТЕМИ

На училишната зграда инсталиран е фотоволтаичен систем со моќност 15kw, а произведената електрична енергија, преку посебни броила се регистрира и ќе се дава на постоечкиот електро систем.

Фотоволтаиците се обезбедени од страна на Општина Охрид во рамките на ИПА компонентата на ЕУ за набавка на фотонапонски системи за јавни објекти, која ја имплементира Министерството за финансии, во соработка со Светска банка.

## ОЕМУЦ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“

Спортската сала е опремена по највисоки стандарди. Комплетно опремена со кошеви, два помошни коша, ракометни голови, голови за мал фудбал, мрежа за одбојка и гимнастички реквизити. Во рамки на проектот изградени се две канцеларии за наставници, две простории за чување на спортските реквизити и две соблекувални за ученици со санитарни јазли, опремени со туш кабини.

Изградбата и опремувањето на училишната спортtска е дел од Владиниот проект за „Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали“ со поддршка на Општина Охрид. Со реализирање на проектот битно се подобрија условите за спортување на учениците кои досега наставната програма по физичко образование ја реализираа во неадекватни услови во мала, помошна сала.

Со средства обезбедени од буџетот на Општина Охрид извршено е поврзување на објектот на новата спортска сала со котларата за парно греење, која се наоѓа во подрумските простории на училишната зграда. Вредноста на оваа инвестиција е 630. 000 денари.

# СРЕДНИ УЧИЛИШТА



# НОВА СПОРТСКА САЛА








## ПРОМЕНА НА КРОВ И ДОГРАМА

Извршена е рекоснтструкција на покривот на училишната зграда и извршена е замена на старите дрвени прозорци во училниците со нови пвц прозорци.









## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТАВАНИ И ЛЕД ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во рамки на проектот се поставуваат висококвалитетни плочи за спуштен плафон и соодветна лед електрика во сите училници, училишните ходници и административни простории. За оваа намена од буџетот на Општина Охрид се издвоени 1. 650. 000 денари.

Исто така дворното осветлување целосно е заменето со ново ЛЕД осветлување. Средствата искористени за оваа намена изнесуваа 70. 000 денари.

Во втора фаза е огласот за јавна набавка, во која е предвидено комплетна реконструкција на училишната работилница каде ќе биде заменета кровната конструкција и надворешната дрвена столарија со нова ПВЦ. Во истата јавна набавка предвидена е изработка на нова енергетско ефикасна фасада на училишната зграда.





## ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ започна да се реализира проектот за „Дуално образование“ во соработка со локалните компании „Костал“, „ОДВ – Електрик“ и „ЛТХ – Леарница“ за профилите техничар за индустриска мехатроника и техничар за производно машинство.

Со компанијата ЕВН – Македонија, потпишан е меморандум со кој се предвидува учениците од профилот електротехничар енергетичар практичната настава и феријалната пракса да ја реализираат во оваа компанија.









## СОСУ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА САНИТАРНИТЕ ЈАЗЛИ

Извршена е реконструкција на санитарните јазли за учениците и професорите. Со реконструкцијата се опфати промена на целокупната инсталација, се поставува нова санитарија и плочки.

Санитарните јазли во ова училиште за прв пат се реконструираат после 20 години. Вкупната вредност на реконструкцијата изнесува 640. 959 денари, а средствата ги обезбеди Општина Охрид.





# ОСУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОКРИВ

Се реализираше проект за реконструкција и санација на кровот од училишната зграда.

Во рамки на зафатот беше изведена реконструкција на оловните табли од куполите, санација на олуците,китирање на спојните елементи, оловните табли, окапници и ветробрани. Исто така, беше извршено молерисување и варосување на ѕидовите од поткровјето кои имаа видни оштетувања од протекување на вода. Вредноста на проектот е околу 424. 825 денари.











## НОВА УЧИЛИШНА ОПРЕМА

Набавен е нов училишен инвентар. Во сите училници, старите зелени табли за пишување се заменети со нови училишни бели табли.

Исто така набавени се 120 столчиња, 100 училишни клупи и спортска опрема која е наменета за спортските активности во рамки на наставата.

Вкупната инвестиција за набавка на училишната опрема изнесува 299 512 денари, а средствата се обезбедени од буџетот на Општина Охрид.



## ОУТУ „ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“

## РЕНОВИРАН УЧЕНИЧКИОТ ДОМ

Извршена е замена на вратите од собите во ученичкиот дом. набавени се 38 нови гардеробери, 50 кревети и 120 душеци.

Набаваени се и 160 ресторански столчиња и 40 ресторански маси за ресторанот кој е во состав на ученичкиот дом.









# ПОДДРШКА ЗА ПОГОЛЕМА МОТИВАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ



## СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ

- **Доделени се вкупно 185 ученички стипендии** за талентирани ученици и ученици кои живеат во потешки социјални услови. Стипендиите се доделуваат за основци и средношколци. Исто така доделени се и посебни стипендии за ученици кои постигнале врвни резултати во областа на: спортот, шахот, литературната, музичката, ликовната уметност и дрруги вештини. Месечен износ на стипендијата е 1 500, 00 денари.

- **Доделени се вкупно 103 студентски стипендии** за редовни студенти на додипломски студии од I, II,III,IV,V и VI година од општина Охрид кои студираат на државни универзитети во други земји, за академската 2019/2020 година и стипендии за редовни студенти на додипломски студии од општина Охрид, кои студираат на државните универзитети во РСМ, за академската 2019/2020 година и живеат во потешки социјални услови. Месечен износ на стипендијата е 3 000, 00 денари.

# ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Охрид е најголемото туристичко богатство на нашата земја и благодарение на неговите уникатни потенцијали, од година во година, прераснува во атрактивна дестинација, која се почесто се наоѓа на препорачаните светски листи за нови локалитети, како место кое задолжително мора да се посети.

Во согласност со светските туристички текови, оваа локална власт интензивно работи на посоодветно планско и стратешко подобрување на условите за развој на нови форми на алтернативен туризам надвор од шпицот на летната туристичка сезона.

Во тек е изработката на новата Стратегија за развој на туризмот која ќе даде нови насоки за напредок во оваа сфера. Преку Секторот за туризам и локален економски развој беа реализирани голем број проекти за подобрување на туристичката инфраструктура, а беа организирани и низа промотивни настани. Охрид има огромни потенцијали, но само низ заедничка соработка може да го направиме светска туристичка дестинација!



## НОВИ ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ НА КУЛТУРНИТЕ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО ОХРИД

Во насока на подигнување на квалитетот на сигнализација на туристичките места поставени се информативни табли на 70 објектите кои се означени како културно наследство (културно - историски споменици) во градот. Овој проект Локалната самоуправа го реализираше во соработка со НУ „ Завод и Музеј“.

Информативните табли се поставени за полесно информирање на бројните посетители за значењето и суштината на знаменитостите. Текстовите на таблите содржат важни информации за објектите и се во насока на афирмација и промоција на охридската култура и развој на културниот туризам.






## БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ ЗА ГОСТИТЕ ВО ОХРИД

Со цел подигнување на квалитетот на туристичката понуда за гостите, Локалната самоуправа пристапи кон обезбедување бесплатен интернет пристап на најпосетуваните локации во Општина Охрид.

Минатата година поставена е опрема и пуштен во употреба Hot Spot бесплатен интернет на уште две нови локации пред црквата „Света Софија“ и на кеј „Македонија“. Претходно Hot Spot бесплатен интернет беше поставен на плоштадот „Св. Климент Охридски“, на плоштад „Крушевска Република“ и на локалитетот „Плаошник“.

# ПОДГОТОВКА НА НОВ ПРОМОТИВЕН ТУРИСТИЧКИ МАТЕРИЈАЛ

Започна постапката за изработка на редизјаниран и современ промотивен материјал за Охрид. Беше објавен јавен конкурс за избор на идејно решение за целокупниот рекламен материјал на општина Охрид (Водич, Фотоброшура, Фото брошура за алтернативен и активен туризам, Разгледници, Мапа на град Охрид, Постер и други видови на промотивни материјали). Комисијата веќе има направено избор на идејно решение за дизајн на промотивен материјал, по што се очекува да финишира целата постапка.

Исто така беше објавен и Јавниот повик за откуп на фотографии со мотиви од Охрид (културни, историски и природни убавини) кои ќе бидат употребени за изработка на нов промотивен материјал.





# СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИВАТНИ СТАНОИЗДАВАЧИ ОД МАЛ ОБЕМ

Субвенционирањето е во износ од 80% од уплатената туристичка такса, при што одобрената субвенција на регистрираниот станоиздавач се доделува наменски, односно средствата мора да бидат реинвестирани во сместувачкиот капацитет.

На овој начин, се стимулира подобрување на квалитетот и стандардите на сместувачките капацитети преку директно реинвестирање на туристичката такса, а од друга страна се стимулира локалната економија во функција на развој на туризмот. Воедно, приватните станоиздавачи ќе бидат стимулирани за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата и добивање на пореален приказ за бројот на остварени ноќевања од друга страна.

По објавениот Јавен повик за субвенционирање по оваа мерка имаат аплицирано вкупно 36 физички лица. За оваа намена од Буџетот на општина Охрид се исплатени 689. 919 денари.

# АНАЛИЗА НА ЕКОНОМСКИОТ ИМПАКТ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ОХРИД

Во организација на Општина Охрид, во соработка со Факултетот за туризам и угостителство – Охрид беше беше изработена „Анализа на економскиот импакт на туризмот во Општина Охрид“. Во рамки на овој стратешки документ, врз основа на стручна анализа на авторите проф. д-р Александар Трајкоски, проф. д-р Цветко Андреески и проф. д-р Науме Мариноски нагласени се важни препораки за понатамошен развој на туризмот во нашата општина.






# ОБУКИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА

Во организација на секторот за Туризам и локален економски развој од страна на Општина Охрид беа спроведени активности за практични обуки на тема: Вклучување на локалните жители во креирање на туристичката понуда и сегментот на агротуризам и стандарди во агротуризмот.

Обуките беа прилагодени за давателите на услуги во алтернативниот туризам, туристичките водичи и туроператорите.

# ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ





## ГАСТРО ТУРА „TASTE OHRID”

Врвниот светски готвач Џорџо Дијана и угостителскиот експерт Андреа Бијаџини, беа дел од второто издание на Гастро турата „Taste Ohrid” која во мај 2019 година.

Настанот се одржуваше во Охрид. Организатор на настанот беше Општина Охрид во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и Туристичкиот кластер ЕДЕН.

Во рамки на програмата беа одржани посебни Мастер класи, кои ги опфатија темите „Маркетинг – Вреднување на ресторанот и влијание врз развој на туризмот” и „Кулинарски методи СуВи (Sous Vide) бавно готвење, пастеризација на производи за побогат вкус и хранлива вредност”. Таргетираната целна група за активно учество на овие врвни обуки, беа студентите по гастрономија од Факултетот за туризам и угостителство и шефовите и готвачите од локалните угостителски објекти.



# ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ





## „ОХРИДСКА СОФРА“ 2019

Прекрасната природа во селото Скребатно поврзана со вкусот на охридското ѓомлезе и останатите традиционални рецепти од ова поднебје, донесоа вистинско уживање за домашните и странските туристи во рамки на Манифестацијата „Охридска софра“ која беше организирана во месец јули.

Овој традиционален настан кој се организираше по седми пат е уникатен туристички производ кој значително придонесува за промоција и развој на руралниот туризам во нашиот регион.

Во рамки на програмата свое „Cooking Show“ имаа готвачите од „Гастро мак“, а беше снимена и една епизода од телевизиската емисија „Вкусот на традицијата“ со Адријана Алачки.

# ТРИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО ОХРИД

Во организација на Општина Охрид, Сектор за туризам и ЛЕР од 9 до 16 август 2019 година на плоштадот Чинар се одржаа манифестациите: „Вино и сирење“, „Денови на мед“ и „Охрид крафт експо” во период.



## ВИНО И СИРЕЊЕ

Своевиден мини саем на кој беа презентирани виното и сирењето како дел од традиционалната македонска гастрономија.
Ваквиот тип на претствавување е одлична можност за презентација на локалните производи преку новите техники на маркетинг и продажба, поттикнување на партнерски врски и воведување дополнителни стимулативни мерки. Настанот беше збогатен со настап на културно-уметнички друштва и рок бендови.






## ДЕНОВИ НА МЕДОТ

Прекуоваа манифестација локалните производители ги презентираат своите пчелни производи, а истата беше одлична можност за охриѓани и гостите во Охрид да вкусат квалитетен мед и производи од мед.



## OHRID CRAFT EXPO

Целта на манифестацијата е да го промовира занаетчиството и занаетчиите, односно нивните производи и услуги, да го доближи занаетчиството до младите луѓе. Настанот има за цел да поттикне континуирана кампања за промоција на занаетчиството како фактор за економски развој, за зачувување на традицијата и културата на нашата земја.

# ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ





## ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН НАСТАН „ГАСТРО-МАК“

Под мотото „Don’t Worry Be Ohrid“ од 10 до 14 октомври 2019 година во Охрид се одржа четвртото издание на Интернационалниот гастрономски натпревар „Гастро Мак”,
Овој настан имаше за цел да ја поттикне и унапреди гастрономската понуда и да ги промовира техниките за подготовка на храна кои ги применуваат најпознатите светски готвачи.

Во рамки на програмата зедоа учество над 300 натпреварувачи од 30 земји и над 90 лиценцирани WACS судии, гастрономски амбасадори и почесни гости од многу земји. Организатор на настанот беше Асоцијацијата на готвачи и шефови на кујни од Македонија „Гастро Мак” со поддршка на Општина Охрид.

## ПРВО ИЗДАНИЕ НА „OHRID OUTDOOR FESTIVAL“

Над 150 вљубеници во природата, активни планинари, велосипедисти и рекреативци имаа можност да уживаат во уникатните пејзажи и панорами на планината „Галичица“, Охридското и Преспанското Езеро, во рамки на првото издание на Ohrid Outdoor Festival, кое беше организирано во месец октомври од страна на Алпинистичкиот клуб „Патагонија“ и Општина Охрид.













## ПРОМО –ТУРА „ОХРИД 2019“

Околу 15 тур-оператори и 5 новинари од Италија беа дел од Промо турата „Охрид 2019“ година која се реализираше од 25 до 28 октомври.

Промо турата беше фокусирана на промоција на Охрид на италијанскиот туристички пазар и приближување на охридската туристичка понуда до граѓаните на Италија особено на оние кои живеат во регионот на Милано.

Промоцијата е во насока на поголемо искористување на директната авио линија Охрид-Милано за туристички цели.

## ПРОМОЦИЈА ВО ИТАЛЈАНСКИ МЕДИУМИ

Богатата туристичка понуда на Охрид беше промовирана во неколку туристички списанија и весници во Италија.

Преку објавените промотивни текстови, потенцијалните италијански туристи имаа можност да се запознаваат со културно – историското наследство на Охрид, но и со природните убавини.



# ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ




## ОХРИД ПРЕТСТАВЕН НА САЕМОТ ЗА ТУРИЗАМ ВО БЕЛГРАД

Општина Охрид успешно ја презентира својата туристичка понуда на 42 Меѓународен саем за туризам во Белград, Србија, кој се одржа од 20 до 23 февруари 2020 година.
Природните потенцијали, уникатното културно богатство и современите туристички капацитети на Охрид како атрактивна дестинација, освен за бројните посетители, беа интересни и за голем број тур оператори и претставници на туристичкиот сектор од неколку европски земји. Голем интерес за Охрид покажаа и влијателни медиуми од регионот.




## ОХРИД ПРЕТСТАВЕН НА ТУРИСТИЧКИОТ САЕМ ВО ПРИЗРЕН

Охрид оваа година, исто така, беше претставен на туристичкиот саем во Призрен, Република Косово. Делегацијата на општина Охрид, во чиј состав беа и туристичките работници од градот, зеде учество на панел дискусијата која се организира во рамки на саемот.

# ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ





## ПРАЗНИЧНА МУЗИЧКА ПРОГРАМА „ОХРИД ВЕ ОЧЕКУВА“

За време на Новогодишните и Божиќните празници и Верската манифестација Богојавление – Водици, во месец јануари, Општина Охрид организираше богата музичко – забавна програма во насока на збогатување на културната и забавната понуда за гостите и туристите во Охрид.

- 31. 12. 2019 – Организиран дочек на Новата година, со Ефто Пупиноски, групата Камелеон и Ѓоко Танески, Градски плоштад Охрид
- 02. 01. 2020 – Неповторливо музичко доживување со Марко Луис, Градски плоштад Охрид
- 11. 01. 2020 – Џез, соул и фанк забава со Владимир Василевски – Четкар, Градски плоштад Охрид
- 18. 01. 2020 – Концерт на балканската музичка ѕвезда од Хрватска, Петар Грашо, Градски плоштад Охрид
- 20. 01. 2020 – Концерт на Миле Кузманоски за „Ден на рибарите“, Градски плоштад Охрид









# МЕРКИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Оваа локална власт согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите во дел од стопанството, преку Програмата за локален економски развој реализираше низа мерки и активности.

## ОБУКИ ЗА ЛЕР

Беше организирана обука за поголема искористеност на ИПАРД програмите за земјоделски активности на тема: „Диверзификација на фармите, автохтони видови на домашен добиток и органско производство во функција на рурален развој и нови можности за користење на ИПАРД програмите за рурален развој преку нови услуги и производи во селскиот туризам”.

Исто така, беше реализирана обука за „Јавно приватно партнерство“, проектен менаџмент и развивање на проекти со модели на Јавно-приватно партнерство.

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ОПРЕМА И УСЛУГИ ВО ЛОКАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО И СТОЧАРСТВО

Беа доделени финансиски средства за поттикнување на сите семејни земјоделски стопанства вршители на земјоделска дејност од мал обем во Општина Охрид за зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство и зголемување на конкурентноста во сферата на земјоделството.

Износот на субвенцијата по основ на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство изнесува 80% од извршената набавка при што максималниот износ на субвенцијата нема да надмине 50. 000 денари. Корисници на субвенцијата се единствено семејни земјоделски стопанства кои се запишани во единствениот регистар на земјоделски стопанства Во 2019 година за оваа намена биле исплатени 543 100 денари.





## АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Беа спроведени активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд, преку реализација на стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување.

Во рамки на конкурсот се организираа обуки за заварувачи и готвачи. Курсевите за заварувачи и готвачи се реализираа во целост. На дваесет учесници кои успешно го завршија курсот за заварувачи и на седумнаесет учесници кои успешно ја завршија обуката за готвачи им беа доделени сертификати.

Обуките ги спроведуваше Отворениот граѓански универзитет „ Кузман Шапкарев“.



## ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ И ЕКОНОМИЈАТА

Посета на најголемиот глобален саем за автомобили „IAA“ во Франкфурт Германија, каде што свои изложбени штандови имаа компании од автомобилската индустрија, кои се заинтересирани за нови инвестиции во охридскиот регион.

Во рамки на саемот беа остварени средби и состаноци со неколку глобални производители на компоненти во автомобилската индустрија, кои разгледуваат потенцијални локации за свои идни инвестиции во нашата земја.








## РЕДОВНА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СТРАНСКИТЕ И ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ВО ОХРИД









# ПРОЕКТИ

## МИКРО ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНАТА

Преку финансиската поддршка на локални микро проекти за поттикнување на локалниот економски развој и туризмот, Општина Охрид преку програмите на Секторот за туризам и локален економски развој, овозможи директна финансиска поддршка на проекти кои се од општествена важност и кои произлегуваат од заедницата.

Преку овие програми за поддршка на локалниот економски развој и туризмот, во текот на 2019  година успешно беа реализирани микро проекти во вкупна вредност од 750. 000 денари и тоа во областа на инфраструктурата и водоснабдување, култура и туристичка инфраструктура:

- „Инфраструктурно уредување на центарот на село Лескоец“,
- „Селски чешми“ изведба на резервоари водоводна мрежа и селска чешма во село Куратица”,
- „Изведба на бушотина за вода за пиење“ во село Коњско)
- „Обнова на селскиот дом село Куратица-фаза 5“,
- „Опремување детски игралишта во населбата Рача и селото Орман“
- „Подобрување на туристичката инфраструктура во Речица”,
- „Охрид во духот на етно традицијата“








## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО – ПРОЕКТ „ИРЦ -ХЕРМЕС “

Дигитализација и промоција на културното наследство во Охрид е целта на Проектот „Интеррегионално управување со културно наследство, Е-Системи“-„ИРЦ -ХЕРМЕС “ кој општина Охрид го имплементира во партнерство со Универзитетот за технологија од Кипар, Истражувачкиот и иновативен центар за информации, комуникација и технологии од Атина, општините Самос и Крф од Грција, „ЕЛЕТ“ од Грција и општина Ѓирокастро Проектот е финансиран од програмата „Интерег Балкан-Медитеран 2014-2020“ на Европската Унија и вклучува иновативен електронски систем за дигитализација на наследството, кој има добиено европска награда за иновативност.  Освен во Охрид, културното наследство ќе биде дигитализирано и во уште три балкански градови, кои се под заштита на УНЕСКО, Самос, Крф и Ѓирокастро.

Освен дигитализација на културното наследство, проектот има за цел да придонесе и кон развојот на културниот туризам и едукација на младите и туристите за значењето на културното наследство.  Како резултат на проектот, се очекува општина Охрид, за прв-пат да добие дигитална мапа на културното наследство, во која ќе бидат опфатени околу 130 објекти кои имаат посебно културно значење за градот.  Податоците од овој систем ќе може да се користат во насока на туристичка промоција, но и за други потреби на општината.






## ПРОЕКТ - CROSS4ALL

Општина Охрид го имплементира проектот „Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција“ (CROSS4ALL). Проектот е финансиран од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија 2014-2020.

Цели на проектот се: Да се поттикне здравствената писменост; Дизајн на иновативни практики за подобрување на пристапот за ранливите групи и за справување со нееднаквостите во здравството; Подобрување на капацитетот на здравствените работници и инфраструктурата за ефикасно прилагодување на потребите на целната група; Да се воспостават нови механизми фокусирани на условите на сиромаштијата, услуги за советување во домови на ранливите категории, вклучително и во руралните и изолираните подрачја.

Проектот се имплементира во партнерство со повеќе партнери од Грција, Битола и Охрид. Вкупниот буџет на проектот е 1. 130. 290 евра од кои на Општина Охрид и се доделени 142. 810 евра.







## ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ЗА ПОДОБРИ ОПШТИНСКИ УСЛУГИ И ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ

Општина Охрид го имплементираше проектот „Полесен пристап за подобри општински услуги и граѓанска вклученост“ како дел од активностите во рамки на втората компонента на проектот „Зајакнување на општинските совети” кој е финансиран од УНДП и Швајцарска амбасада во Република Северна Македонија, во износ од 50. 000 швајцарски франци.

Во рамки на проектот реновирани се надворешните скали кои водат до големата сала во Општина Охрид, поставена е хидраулична платформа за полесен пристап на лицата со телесен инвалидитет. Исто така со овој проект реновираана е големата сала, опремена е со нов мебел, електрична инсталација, осветлување и опрема за пренос на седниците на советот во живо, со цел обезбедување на поголема транспарентност.



# ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ

Општина Охрид изработува План за одржлива урбана мобилност ПОУМ во рамки на проектот „Поддршка на единиците на локалната власт на Република Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност", имплементиран од страна на ЗЕЛС со поддршка на Германската агенција за меѓународен развој (GIZ).

Планот за одржлива урбана мобилност –ПОУМ се изработува со цел да се оптимизира ефикасноста на сообраќајот, да се подобри мобилноста на пешаците и велосипедистите, да се промовира значењето на е-мобилноста во насока на намалување на емисиите на $CO^2$, да се растовари сообраќајот во централно градско подрачје, да се зголеми нивото на безбедност и сигурност на граѓаните и да се подобри социјалната интеграција и еднаквост.




Во насока на вклучување на граѓаните во подготовка на планот, Општина Охрид спроведе и анкета „Да планираме заедно" со цел да добие мислења и предлози на граѓаните како појдовна точка за запознавање со процесот.

Во рамки на проектот беа одржани и работилници, а беше потпиѓан и меморандум за посветеност кон имплементација на мерките за одржлива урбана мобилност со останатите општини кои се дел од проектот за урбана мобилност.

# ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ





## ЗАВРШНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ИНКЛУЗИВЕН УРБАН РАЗВОЈ

Во месец мај беа организирани завршни активности од проектот „Нови хоризонти преку унапредена пешачка зона" која Општина Охрид го реализираше во рамки на програмата „Овозможување локална демократијаихолистичкиурбанразвојпрекуSymbioC-ity пристап" креирана од ICLD (Интернационалниот центар за Локална демократија) и SKL International од Шведска,

Охридскиот тим, како урбанистички предизвик во рамки на програмата, го работеше проектот кој всушност се однесуваше на адаптирање на улица,,Кеј Македонија" во пешачка зона. Проектот се работеше на ниво на физибилити студија, а целта на проектот беше зголемување на атрактивноста на просторот со создавање на унапредена -проширена пешачка зона, на која е исклучено движење на возила по улицата.

Освен Охрид во оваа програма беа опфатени уште седум градови од Србија, Украина и Турција.

# ЖИВОТНА СРЕДИНА

Општина Охрид постојано презема мерки за спроведување на современи еколошки стандарди какви што му доликуваат на еден туристички центар.

Нашиот скапоцен бисер, нашето Охридско Езеро конечно ја доби потребната грижа, која години station наназад му беше ускратена. Со отпочнувањето на реконструкцијата на Колекторскиот систем се решава сложен и сериозен проблем кој беше еден од најважните приоритети и на локалната и на централната власт.

Преку Секторот за животна средина при Општина Охрид во текот на изминатата година спроведени се значајни активности и реализирана е подготовка на важни и стратешки документи во насока на заштита на природата.

## ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН 2019-2025

Општина Охрид подготви Локален Еколошки Акционен План за периодот од 2019 до 2025 година. Овој план претставува стратешки документ за идниот период и основа за идните активности за зачувување на животната средина. Во планот се опфатени сите предизвици во делот на квалитетот на воздухот, управувањето со отпад, нивото на бучава, градежна експанзија и дадени се предлог акции и мерки за нивно ефикасно надминување.






## ИНТЕГРИРАН КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Согласно Законот за животна средина, Општина Охрид изработи „Интегриран Катастар на загадувачи на животната средина“ со кој се опфатени: воздухот, водата, почвата и отпадот.

Изработката на Интегрираниот Катастар на загадувачи е со цел да се добие основна квалитативна и квантитативна база на податоци за состојбата со емиторите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата, генерираниот отпад и постапувањето со него, заради следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина во Општина Охрид, како и заради контрола на успешноста на преземените мерки врз основа на соодветни одлуки и решенија на локално ниво.

Базата на податоци и нивото на нивната обработка дава можност овој Катастар да биде динамичен стратешки документ и како таков, заедно со законската регулатива во оваа област да биде инструмент на државната и локалната власт за одржливо управување со квалитетот на животната средина.



# ИЗГОТВЕНА СТУДИЈА ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА СТУДЕНЧИШКО БЛАТО

Општина Охрид изготви „Студија за валоризација на просторот на Студенчишко Блато заради негово прогласување за заштитено подрачје“.

Изготвувањето на студијата е дел од Програмата за заштита на животната средина и природата за 2019 година. Во рамки на подготовката на студијата беа ангажирани експерти од Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет од Скопје, Хидробиолошкиот институт од Охрид како и претставници на други институции.

Во студијата е потенцирано големото значење на биолошката разновидност која ја поседува Студенчишкото Блато во целокупниот еко систем на Охридскиот регион. Исто така посочени се и актуелните закани за блатото, како и сите препораки за негова соодветна заштита.







# ЧИНАРОТ ПРОГЛАСЕН ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ

Со одлука на Министерството за животна средина единечното дрво – Чинар (Platanus orientalis) лоциран во охридската чаршија на плоштадот „Чинар“ кој е дел од долгата историја на градот, но и препознатлив дел од неговата туристичка понуда е прогласено за природна реткост.

Називот на природната реткост е „Чинар – Охрид“. Решението доаѓа по претходно изработениот елаборат за валоризација, санација и ревитализација на чинарот (Platanus orientalis) на плоштадот „Чинар“ од страна на Општина Охрид и Одлуката на Советот на општина Охрид за потребата од прогласување на стариот чинар за природна реткост.

Општина Охрид, односно Одделението за заштита и влијание врз животната средина има доставено комплетна документација до Министерството за животна средина и просторно планирање со барање за правна заштита, согласно Законот за заштита на природата, на уште шест чинари (Platanus orientalis) и еден кочеџик (Celtis Australis), кои се наоѓаат на територијата на општина Охрид.



## ПОДАТОЦИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ ВО ОХРИД

На 27 декември 2019 година стартуваа податоците од ЕУ ПРОЕКТОТ AIRTHINGS за следење на квалитетот на амбиенталниот воздух во Охрид. Поставени се 11 станични сензори. Во Охрид се следат 5 еколошки параметри и три метеоролошки параметри.

Податоците служат за потреби на проектните активности и истите не може да се преземаат ниту толкуваат за времетраењето на проектот без дозвола на Државен инспекторат за животна средина и Општина Охрид.

Оваа платформа не е дел од Државната Мониторинг Мрежа на МЖСПП ниту дел од која било друга мрежа, истата е самостојна и креирана во рамки на ЕУ ПРОЕКТОТ AIRTHINGS.





## ГОЛЕМА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО И КРАЈБРЕЖЈЕ

Во месец септември 2019 година беше спроведена голема акција за чистење на Охридското Езеро и крајбрежјето, поддржана од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, како дел од акцијата „Чисто како дома исто“.

Настанот беше во организација на македонската Асоцијација за цврст отпад (МаСВА), поддржана од Делегацијата на ЕУ во земјава, Општина Охрид, ЈП „Охридски Комуналец“ и „Нула Отпад“ ДОО- Скопје. Во чистењето на Охридското Езеро учествуваа нуркачи од Клубот за подводни дејности од Охрид.

## АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ ОД СТРАНА НА ЛОКАЛНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Администрацијата на Општина Охрид организираше акцијата за чистење на отпад и разубавување на животната средина во потегот на крајбрежјето на Охридското Езеро.

Акцијата за чистење се реализираше како дел од Националната акција која се спроведуваше на територијата на целата држава, со цел подигање на јавната свест за заштита на животната средина.





## ЦВЕТНИ БАЛКОНИ- ЦВЕТЕН ОХРИД

Во рамките на „Неделата на животната средина“, што традиционално ја организира Одделението за заштита на животната средина при општина Охрид, беше реализиран проектот „Цветни балкони- Цветен Охрид“.



# СОРАБОТКА СО УНЕСКО

Во текот на изминатата година голема енергија и многу време беа издвоени за исполнување на препораките на УНЕСКО. Оваа локална власт направи големи чекори, презеде конкретни мерки и успеа значајно да ги помести работите од нулта точка.

Се работи за исклучително сложен и долгорочен процес, но со посветена работа ќе бидат остварени успешни и посакувани резултати.

## ИСПОЛНЕТИ ПРЕПОРАКИ ОД СТРАНА НА ОПШТИНА ОХРИД

Општина Охрид покажа значителен напредок во делот на исполнување на препораките на последната реактивна мисија за Охридско-Струшкито регион од 2017 година.





## ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПАЛМИ

Врз основа на препораката под реден број 19, отстранети се неавтохтоните видови на растенија (палми) од јавните површини во Охрид, од потегот на кејот „Македонија" и на потегот од каналот „Студенчишта" до поранешен хотел „Парк". Акцијата ја спроведе ЈП „Охридски Комуналец" по налог на Општина Охрид. Како замена за отстранетите палми беа засадени дрвја од видовите: јавор, јасен и ликвидамбер.




## ОТСТРАНУВАЊЕ НА БИЛБОРДИ

Во согласност со препораката под реден број 19, Општина Охрид реализрашпе акција за отстранување на рекламните билборди кои беа лоцирани во делови од централното градско подрачје и на крајбрежниот потег, во должина на кејот „Македонија". Акцијата за отстранување на билбордите беше координирана од службите на Јавното претпријатие „Градски Пазар".

## АКЦИСКИ ПЛАН И МОРАТОРИУМ

Донесен е Акциски план за постапување на почетокот на месец август и Советот на општина Охрид ја усвои и Одлуката за времен прекин на донесувањето и спроведувањето на урбанистички планови и постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти. Со оваа одлука веќе е исполнета препораката под реден број 6.

## ИЗГОТВЕН РЕГИСТАР ЗА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Во согласност со препораката под реден број 9, изготвен е Регистар на бесправно изградени објекти, за кои во периодот од 2006 година до мај 2019 година, инспекциските служби имаат констатирано прекршувања на Законот за градење и имаат донесено некаков акт со кој се утврдува нелегална градба. Изработен е детален попис на градбите, а во тек е изработка на оцена на влијание на бесправните градби врз културното и природното наследство.

## ВОВЕДЕН НОВ РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ВО СТАРИОТ ДЕЛ НА ГРАДОТ

Согласно препораката под реден број 18 започна функционира постојан режим на сообраќај со електронска евиденција на возилата во стариот дел на градот. Жителите можат непречено да влегуваат и излегуваат во овој дел од градот само доколку ги имаат регулирано своите обврски согласно актите донесени од страна на Општина Охрид, односно имаат картичка за движење со моторни возила во овој дел од градот. Во тек е подготовка и на нова Сообраќајна студија за градот.





## АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА БЕСПРАВНИТЕ ГРАДБИ

Во координација со Централната власт и Министерството за внатрешни работи, во согласност со законските процедури, Општина Охрид ја започна акцијата за отстранување на бесправните градби, по утврдена динамика. Според планираното, во рамки на акцијата треба да отстрануваат објекти кај кои не постојат правни пречки и акцијата за уривање ќе ги опфати сите физички или правни лица кои имаат добиено Решение за отстранување на бесправно изграден објект/градба и истите не постапиле во согласност со издадените решенија од страна на градежните инспектори при Инспекторатот на општина Охрид. Во првиот дел од акцијата беа отстранети платформите на угостителските објекти во потегот од месноста „Ј'но“ до населбата „Канео“.

Во однос на превенцијата на понатамошни бесправни градби во Охрид, општината ги засили инспекциските контроли и го доекипираше општинскиот инспекторат, со уште двајца нови градежни инспектори

# ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ ПО ОДНОС НА ПРЕПОРАКИТЕ




## 43 СЕСИЈА НА КОМИТЕТОТ ЗА СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО НА УНЕСКО ВО БАКУ

На 43-та сесија на Комитетот на Светско наследство на УНЕСКО, која се одржа во Баку-Азербејџан во јуни и јули 2019 година, беа остварени бројни билатерални средби со претставници на земјите членки на Комитетот на кои беа презентирани актуелните состојби и чекорите кои беа преземени од страна на Владата и Општина Охрид, по однос на 19-те препораки на последната реактивна мисија за Охридско-струшкиот регион од 2017 година.
Членките на Комитетот беа едногласни во ставот дека презентираните чекори, политичката волја и подготвеноста да се постапува по наодите на стручните тела на УНЕСКО, се значаен исчекор во однос на сите претходни Влади, поради што се прифати амандманот на нашата делегација во Февруари 2020 година да доставиме извештај за напредок по препораките, а на следната 44-та сесија, повторно да се разгледува целокупниот едногодишен напредок на властите во имплементацијата и отстранувањето на забелешките.






## ВО ПАРИЗ ПРЕЗЕНТИРАН ПРВИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД УНЕСКО

На 30-ти септември во седиштето на УНЕСКО од Париз, Франција беше презентиран првиот извештај за напредок по однос на препораките од последната сесија на Комитетот на светско и природно наследство.

На средбата со Мечтил Рослер, директор на Центарот за светско културно наследство при УНЕСКО и Изабел Анатоле- Габриел, шеф на Одделот за Европа и Северна Америка, градоначалникот Константин Георгиески, информираше за чекорите кои беа преземени во однос на имплементацијата на препораките и обврските преземени на сесијата на Комитетот што се одржа во Баку. Беа презентирани преземањата во однос на препораките кои се под ингеренции на државните институции.

## ЗАПОЧНА САНАЦИЈАТА НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

На 20-ти декември 2019 година во Охрид беше означен почетокот на работните активности за санација на Колекторскиот систем на Охридското Езеро. За спроведување на активностите на терен од страна на ЈП „Колекторски Систем“ ангажирана е фирмата „Еко тим“ од Скопје, филијала на хрватската компанија „Инд Еко“ од Риека што работи на санација на системи за канализациски и системи за одвод на атмосферска вода.

Во рамки на проектот се санира најкритичниот дел од системот и се врши санација на 20 пумпни станици. Исто така, во рамките на проектот се врши и чистење на секундарната канализациска мрежа во Охрид и Струга.














## ИЗГОТВЕН ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

Општина Охрид беше активно вклучена во подготовка на Планот за управување со природното и културното наследство на охридскито регион. Со цел да се овозможи поголема коориднација и соработка во однос на ова прашање, беа организирани низа работни средби, состаноци и јавни расправи.



## ФОРМИРАН МЕШОВИТИОТ КОМИТЕТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕГИОНОТ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Во средината на месец јануари 2020 година во Охрид беше формиран Мешовитиот комитет за управување со регионот на Охридското Езеро, согласно со Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

На конститутивната седница на Комитетот, во кој членуваат претставници на централните и локалните власти на двете земји и претставници на невладиниот сектор, за претседател со едногодишен мандат беше избран градоначалникот на Охрид Константин Георгиески, а за секретар Илир Џаколи, градоначалник на Поградец, Албанија.

# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Оваа локална власт  е постојано посветена на проекти за социјална и детска заштита, а беа реализирани и голем број активности кои се посветени на лицата со социјален ризик и ранливите категории на граѓани.

Се грижиме за сите сегменти од општественото живеење, бидејќи секој човек е важен!





# ДЕТСКА ЗАШТИТА





## ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА“

- Во објектите „Росица“ и „Развигорче“ извршена е замена на осветлувањето со енергетски – ефикасни светилки, а во дворот на објект „Развигорче“ поставени се рефлектори во соработка со клубот Лихнидос.
- Во Централниот објект се изведува реконструкција на водоводната мрежа и електричната инсталација за приклучување на новата опрема во централната кујна (печки, конвекторски печки, фрижидери, кипер) во вредност од 1. 500. 000 денари.
- Во тек е изготвување документација за започнување на санација на кровот во објектот „Росица“.  Азбесните табли ќе бидат заменети со лимен покрив во вредност од 3. 500. 000 денари.

### ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

- „Здрави животни навики“
- „Од дете за дете“
- „За среќно детство“
- „Градот низ детските очи“
- „Асертивна комуникација“
- „Чист и уреден двор“
- „Збогум градинке – среќно првачиња“

# ДЕТСКА ЗАШТИТА





## ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

Во континуитет се спроведува мерката за доделување на еднократна парична помош од 5.000,00 денари за секое прво и второ новородено дете во Општина Охрид.

Од 2020 година во рамки на оваа еднократна парична помош се опфатени и новороденчињата од Охрид кои се родени во други градови, а семејствата имаат постојано живеалиште на територија на Општина Охрид.

За периодот од март 2019 година до март 2020 година за оваа мерка од Буџетот на Општина Охрид се исплатени вкупно 1.315.000 денари.

## ДНЕВНИ ЦЕНТРИ ЗА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Согласно програмата за социјална заштита тековно се исплаќаат материјални трошоци за тековните активности на Дневниот центар „Зраци" и Дневниот центар „Добротољубие 2014" во црквата „Св.Ѓоргија".



# СОЦИЈАЛНИ МЕРКИ И ПРОЕКТИ

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШИЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

Општина Охрид врши тековно субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓани кои се изложени на социјален ризик.

Вкупниот износ на субвенцијата изнесува 670 денари за секој корисник (вода до 320 денари, отпад до 150 денари, отпадни атмосферски води до 150 денари, гробарина до 50 денари). Опфатени се лица кои се корисници на социјална помош, корисници на постојана парична помош, невработени лица и лица кои имаат инвалидитет или тешка болест. За оваа намена предвидени се 1.500.000 денари.

## ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА

Проект **Општинско – корисно работа „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните"** – Отворени можности за еднакво образование за сите деца.

Проектот е донација од УНДП и во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Програмата општинско корисна работа има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено време, заради вклучување на одредени вештини и постепено вклучување на пазарот на труд. Со проектот се ангажираа 9 образовни асистенти со цел поефикасно спроведување на воспитно образовниот процес на децата со попреченост од училишна возраст. За проектот од страна на УНДП се обезбедени 583.200 денари, а 145.800 денари се издвоени од Буџетот на општина Охрид.

Проектот **„Креирање на можности за работа за сите" – Главна фаза.** Проектот е донација од УНДП, Швајцарска агенција за соработка и развој во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Во проектот се вклучени 4 помагатели со цел помош во домашни услови на стари лица и на лица со попреченост кои не се во можност секојдневно да ги извршуваат своите секојдневните обврски како (купување на лекови, пазарење и други секојдневни потреби). За имплементација на проектот, обезбедени се 216.000 денари од УНДП.

# СОЦИЈАЛНИ МЕРКИ И ПРОЕКТИ













# СОЦИЈАЛНИ МЕРКИ И ПРОЕКТИ










# ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА



## СПЕЦИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО

Општина Охрид доби специјално товарно противпожарно возило како донација од членовите на социјалдемократскиот општински совет на Тутлинген-Меринген, Германија.
Се работи за современо возило од марката „Ивеко-Магирус“, опремено со целокупната потребна опрема за гаснење на пожари.

Возилото значително ќе придонесе за зголемување на капацитетот на противпожарната единица од Охрид.



## НОВА ОПРЕМА ЗА ПОЖАРНИКАРИТЕ

Набавени се нови униформи за пожарникарите во вредност од 950. 000 денари, а во во тек е набавка на интервентни одела и одела за гаснење на шумски пожари.



# КУЛТУРА

Охрид е важен културен центар и токму затоа, локалната самоуправа континуирано дава поддршка на културните настани кои се од големо значење за нашиот град и се во насока на развој и зачувување на културната традиција.

Тековно се поддржуваат фестивали, промоции, изложби и други културни збиднувања. Исто така, според годишната програма на Одделението за култура беа организирани и достојни културни манифестации, настани и свечености за одбележување на историски јубилеи, национални празници и истакнати културно-историски личности.

## 7 НОЕМВРИ - ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОХРИД









## СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ- ПАТРОН НА ОХРИД






## БОГОЈАВЛЕНИЕ – ВОДИЦИ






## ДЕН НА РИБАРИТЕ








## ДЕН НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО






## ИФТАРСКА ВЕЧЕРА








## БАДНИКОВА ЛИТИЈА









## ПРЛИЧЕВИ БЕСЕДИ












## ДРУГИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИИ










# ДРУГИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИИ











# ДРУГИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИИ











# ДРУГИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИИ












# ДРУГИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИИ










# СПОРТ

Оваа локалана власт во континуитет вложува средства за развој на спортот, за помош и развој на спортските клубови, а значителна поддршка се обезбедува и за голем дел од спортските манифестации и настани кои се во насока на промоција на нашиот град, но и за развој и промоција на здравите животни навики и збогатување на туристичката понуда на Охрид.

## СПОРТ












## СПОРТ









## СПОРТ







# СПОРТ




МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР
ЈОВАН СТОЈАНОСКИ
2019
I награда - 150,000 ден.
II награда - 80,000 ден.
III награда - 40,000 ден.
IV награда - 10.000 ден.


K.LAZAROV
7
СКОПСКО


KOSTAL



СПОРТ








БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ
3X3
ТУРНИР
ТУРНИР ВО БАСКЕТ
„3x3" - Охрид
Во чест на 7-ми Ноември
Денот на ослободувањето на Охрид
Повеќе информации на
www.biljaniniizvori.mk

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на изминатата година градоначалникот Константин Георгиески оствари значајни средби и контакти на меѓународен план. Беа реализирани состаноци и средби со амбасадори и високи дипломатски претставници од голем број пријателски земји, во насока на продлабочување на заедничката соработка.











МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА









## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА








## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА






# ОТВОРЕНО И ТРАНСПАРЕНТНО

Општина Охрид воведе нов модел на отворена и транспарентна локална самоуправа. Редовно се споделуваат информации кои се во интерес на јавноста и редовно се информираат граѓаните за сите детали од работењето.

Улогата на медиумите во денешниот глобален свет е од исклучително значење. Вистинската и навремена информација има огромна општествена вредност.

Ценејќи ја важноста на точната информација, Општина Охрид и градоначалникот Константин Георгиески секогаш ќе бидат достапни за новинарите и подготвени за соработка!










**ОПШТИНА ОХРИД**
Единица на локална самоуправа
“Димитар Влахов” 57, 6000 Охрид
Република Северна Македонија
тел.: +389 46 262 492
+389 46 262 493
П.фах 125
e-mail: protocol@ohrid.gov.mk
odnosisojavnost@ohrid.gov.mk
Web: www.ohrid.gov.mk

**СОДРЖИНА:**


- Раздолжување и финансиска стабилност 4
- Современа инфраструктура и комунални дејности 6
- Подобри услови во образование 58
- Туризам и локален економски развој 82
- Животна средина 106
- Соработка со УНЕСКО 114
- Социјална политика 122
- Култура 130
- Спорт 144
- Меѓународна соработка 150
- Отворено и транспарентност 154


Изработка:
Одделение за односи со јавност - Општина Охрид
Охрид, мај 2020 г.

**„ЕДНА ГОДИНА ЗАЕДНО“**

**ГРАДОНАЧАЛНИК КОНСТАНТИН ГЕОРГИЕСКИ**

www. ohrid. gov. мк